АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



Јануари, 2020г. Бр.1

## Одржана работилница за обезбедување пристап до медиумите на лицата со попреченост



Во рамки на втората фаза од проектот ЈУФРЕКС „Слобода на изразување и слобода на медиумите“ на 30 јануари се одржа работилница за радиодифузери и даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, чија цел беше преку споделување искуства од европски и домашните практики, да се изработи саморегулациски документ кој ќе овозможи поголем пристап до медиумите за лицата со сетилна попреченост.



На работилницата, организирана од Советот на Европа и АВМУ, експертката од Советот на Европа, Диардре Кевин меѓу другото ги претстави правата и обврските на државите-членки и кандидатки за членство во ЕУ, учесниците во аудиовизуелниот сектор и другите чинители, во однос на релевантните акти на Обединетите нации, на Советот на Европа и обврските кои произлегуваат од ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги. Во оваа насока, таа направи компаративна анализа на европските практики во поглед на активностите преземени од радиодифузерите за примена на различните начини на обезбедување достапност до аудиовизуелни медиумски услуги за лицата со попреченост.

Искуства од продуцирањето и обезбедување програма на знаковен јазик за лицата со оштетен слух, споделија националната ТВ 24 Вести и регионалната ТВ М од Охрид. Како што посочија, главен предизвик и понатаму останува финансискиот аспект на обезбедувањето ваков вид програма, но главни придобивки се зголемувањето на гледаноста на пристапните програми и остварувањето на човековите права на лицата со сетилна попреченост.



На крајот од настанот, се водеше дискусија за Нацрт-саморегулацискиот документ за пристапност на аудиовизуелните медиумски програми, преку кој давателите на аудиовизуелни услуги во земјава ќе се договорат за начинот на кој, согласно барањата од Директивата за АВМУ, постојано и постепено ќе ги направат своите програми пристапни за лицата со попреченост. Се разгледуваше прашањето во кој временски период да се постигне разновидност на вакви програми и кај приватните медиуми и кај Јавниот сервис, притоа земајќи ги предвид мислењата и потребите на лицата со сетилна попреченост. Сите забелешки кои произлегоа од работилницата ќе бидат вградени во Нацрт-документот кој ќе биде презентиран на нареден работен состанок.

## Заменик претседателот на Владата Бујар Османи во работна посета на АВМУ



Делегација предводена од заменик претседателот на Владата за европски прашања д-р Бујар Османи, на 23 јануари беше во работна посета на Агенцијата. На состанокот се разговараше за надлежностите на Агенцијата, при што посебен акцент беше ставен на Изборниот Законик, медиумите и нивната улога во изборниот процес, како и за обврските на Агенцијата поврзани со мониторингот на изборното медиумско покривање.

По средбата, заменик претседателот на Владата за европски прашања изјави дека посетата е дел од серијата состаноци чија цел е да има што помалку изненадувања во овој изборен процес, особено затоа што овој период земјите-членки на ЕУ почнуваат да работат на вонредниот извештај за напредокот на државата, којшто треба да се објави во февруари.



Како што посочи Османи, изборите и изборната кампања коинцидираат со одлуката за почнување преговори. Самитот ќе се одржи на 26-ти март, на четвртиот ден од кампањата, а тоа што ќе се случи во првите денови од кампањата директно ќе влијае на гласањето на министрите за надворешни работи и премиерите на земјите-членки за започнување преговори. Притоа Османи се заблагодари на Регулаторот за неговата работа и за тоа што бројот на прекршоци од страна на медиумите речиси се сведува на нула.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# *NEWSLETTER*



Директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски изјави дека регулаторот е стопроцентно подготвен од технички, кадровски и од административен аспект, да ги спроведе своите активности за време на изборите и дека како и во претходните изборни циклуси ќе биде даден максимумот.

Тој додаде дека спроведувањето на Изборниот Законик од страна на Агенцијата ќе биде на највисоко ниво, што вообичаено се нотира во извештаите на ОБСЕ/ОДИХР и на сите набљудувачи. Тој воедно изрази уверување дека институцијата ќе биде еден од позитивните чинители во општеството којшто ќе придонесе за позитивна оценка во вонредниот извештај за напредокот кон ЕУ.

## Преглед на радија кои доброволно пријавија емитување домашна музика во 2020 година

Согласно законската можност, радијата коишто на почетокот на 2020 година доброволно пријавија во Агенцијата, процент на емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници, за истиот процент добија намалување на висината на надоместокот за лиценца. Оваа можност ја искористија 18 радиостаници, од кои 1 радио на државно ниво, 5 регионални радија и 12 радија кои емитуваат програма на локално ниво.

Прегледот на радијата кои доброволно пријавија дека во 2020 година ќе емитуваат домашна музика е достапен на www.avmu.mk.

## Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици

За потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изработени се Годишен извештај за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици во 2019 година и посебен извештај само за четвртиот квартал од 2019 година.

Двата извештаи се достапни на веб страницата www.avmu.mk.

## Објавени јавни конкурси за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво

На 8 јануари, Агенцијата објави три јавни конкурси за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво.

Јавниот конкурс за доделување дозвола на непрофитна радиодифузна установа наменет за студентската популација, на албански и македонски јазик, кое ќе емитува програма на подрачјето на Тетово и конкурсот за музичко-говорно радио од специјализиран формат за народна музика на македонски јазик, кое ќе емитува програма на подрачјето на Куманово, траат до 7 април 2020 година.

Јавниот конкурс за музичко-говорно радио од општ формат, на македонски и албански јазик кои ќе емитува програма на подрачјето на Дебар, трае до 9 март 2020 година.

Пријавите за учество на јавните конкурски се објавени на веб страницата www.avmu.mk. Конкурсна документација за секој конкурс одделно може да се подигне во архивата на Агенцијата, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот, по претходно извршена уплата на потребниот надоместок.

## Соопштенија за јавност

Агенцијата во јануари во два наврати најостро реагираше за навреди и закани упатени кон новинари. Во првиот случај на 12 јануари, беа осудени навредите и заканите упатени кон новинарката Мери Јордановска, со апел надлежните институции да го испитаат и да постапат по случајот. Агенцијата притоа истакна дека новинарите, односно медиумите, работат во интерес на јавноста и се еден од главните коректори и промотори на демократските процеси и оттаму секој вид на притисок, закани и напади врз новинари претставуваат загрозување на слободата на информирање.

Во вториот случај на 30 јануари, Агенцијата најостро ги осуди заканите упатени кон новинарката на ТВ 21 Алмедина Исмајли од страна на доскорешен член на Алијансата на Албанците. Во соопштението беше посочено дека безбедноста на медиумските работници во ниту еден момент не смее да биде загрозена, а дека секој вид на напад на новинарите, вклучително и вербалниот е директен напад врз демократијата и слободата на говорот во едно општество.



АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# NEWSLETTER

## Надзори врз радодифузери и оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

### Радиодифузери

По добиена претставка од физичко лице, извршен е вонреден програмски надзор врз ТВ Телма, за да се утврди дали телевизијата на својата програма употребува соодветна категоризација за заштита на малолетните лица. При надзорот на програмата емитувана на 7 јануари, утврдено е дека играниот филм „Среќниот Принц“ е погрешно означен како програма од втора категорија (8+) и емитуван во несоодветен временски период од денонокието, односно пред 20 часот.

Според критериумите во Правилникот за заштита на малолетните лица, филмот треба да биде означен како програма од трета категорија, што не се препорачува за деца под 12 години, односно да се емитува само во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

### Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Врз операторите ИП СИСТЕМС и КДС-КАБЕЛ НЕТ од Прилеп, РОБИ од Штип и АЛТРА САТ 2000 од Охрид, извршен е редовен програмски надзор за обврските коишто се однесуваат на регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите кои ги реемитуваат операторите. При надзорот само кај операторот АЛТРА-САТ 2000 е констатирано реемитување на 18 програмски сервиси коишто не се опфатени со потврдите за регистрација издадени од Агенцијата.

### Јавни опомени за радиодифузери и оператор на ЈЕКМ

Агенцијата на 2 јануари објави 4 Решенија за изрекување мерки јавна опомена кои Советот на Агенцијата на 47-та седница одржана на 26 декември 2019 година, ги донесе врз основа на извршени надзори и констатирани непочитувања на ЗААВМУ.

На ТВ Сител изречени се две мерки јавна опомена, едната поради емитување поп-ап реклами на поделен екран меѓу кои не минал законски пропишаниот период од најмалку 15 минути и втората за непочитување на правилата за заштита на малолетните лица. Поради непочитување на правилата за заштита на малолетните лица јавна опомена е изречена и на ТВ Нова, додека на ТВ Клан Македониа јавна опомена е изречена поради необезбедување превод на јазиците на коишто медиумот емитува програма согласно дозволата.

Советот на Агенцијата на 4-та седница одржана на 24 јануари 2020 година, врз основа на констатации од извршени надзори каде е утврдено непочитување на ЗААВМУ, донесе 2 Решенија за изрекување на мерки јавна опомена за Првиот телевизиски програмски сервис на МРТ. Едната јавна опомена се однесува на емитувана промотивна најава на игран филм изворно на англиски без превод на македонски јазик, додека втората за емитување промотивни најави на играна програма без сигнализација за заштита на малолетните лица.

На истата седница, врз основа на констатации од извршен надзор каде е утврдено непочитување на обврската за регистрација на 18 програмските сервиси кои операторот АЛТРА – САТ 2000 од Охрид ги реемитувал за своите корисници, донесе Решение за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на спорните ТВ канали.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје**
**тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401**
**е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk**

INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
Q-028/2018